КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Бр. 03-75/1
28.01.2025 год.
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
DREJTORIA PËR MBROJTJE DHE SHPËTIM
Бр. Nr. 03-166/1
28-01-2025
Скопје Shkup

Комора на овластени архитекти и овластени инженери на Република Македонија

Дирекција за заштита и спасување на Република Северна Македонија

Со цел развој и соработка во делот на противпожарното инженерство, заштитата и спасувањето, а во согласност со заедничките интереси и меѓусебната соработка на двете институции Комората на овластени архитекти и овластени инженери на Република Македонија (во натамошниот текст: Комора) и Дирекцијата за заштита и спасување на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: ДЗС), во Скопје го потпишуваат следниот:

# МЕМОРАНДУМ ЗА МЕЃУСЕБНА СОРАБОТКА

## ЦЕЛИ НА МЕМОРАНДУМОТ ЗА СОРАБОТКА

### Член 1

Со овој Меморандум се утврдува рамката во која се остварува соработката меѓу договорните страни, за работи од заеднички интерес.

Одредбите од овој Меморандум се темелат врз законските и подзаконските акти со кои се регулираат надлежностите на двете договорни страни.

## ОБЛАСТ НА СОРАБОТКА

### Член 2

Потписниците на овој Меморандум се обврзуваат дека во рамките на својата примарна дејност, заеднички ќе делуваат и меѓусебно ќе соработуваат во интерес на заедничката реализација на цели од меѓусебен интерес, на следните начини:

- Реализација на едукативни настани (специјализирани обуки, работилници и сл.) на теми поврзани со противпожарното

инженерство и заштитата и спасувањето, со посебен аспект на цивилната заштита и заштита од пожари.

- Заеднички настапи пред други органи на државната управа, организации и институции, стручни собири, советувања во делот од областа на заштитата и спасувањето на теми поврзани со противпожарното инженерство;

- Размена на искуства и најдобри практики преку гостувања на претставници од двете потписнички страни во активности или во настани организирани од двете страни, кои ќе третираат теми од областа на противпожарното инженерство и заштитата и спасувањето.

- Континуирана соработка и координација меѓу стручните лица од Комората и ДЗС во процесот на изготвување на предлог законски и подзаконски акти, предлози за измени и дополни во постојната регулатива од заеднички интерес, соработка и изнаоѓање решение кај настанати проблеми при толкување на законски и подзаконски акти во содржината на изработени проекти за заштита од пожари, експлозии и опасни материи, изготвување на стратегиски документи , анализи и процени во областа на заштитата и спасувањето, како и останати документи или мерки за развој на противпожарното инженерство и заштитата и спасувањето.

- Соработка за изработка на Стручни упатства од областа на заштитата и спасувањето;

- Учество во заеднички домашни и меѓународни проекти во областа на истражувачки активности, проекти за развој на заштитата од пожари и цивилна заштита, трансфер на искуства и знаења од теми од заеднички интерес. со цел унапредување на системот за заштита и спасување;

- Други активности за кои двете потписнички страни ќе искажат интерес за соработка.

Заедничките активности и проекти ќе се реализираат на иницијатива и покана на една од страните потписнички на Меморандумот.

Овој Меморандум не ги ограничува или строго утврдува начинот и видовите на соработка, туку ја насочува сферата на заеднички интерес која е во согласност со мисијата и визијата на двете потписнички страни.

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 3**

Овој Меморандум влегува во сила со денот на потпишувањето и се склучува на неопределено време.

Измени и дополнувања на овој Меморандум се вршат со писмена согласност на двете Договорни страни, во форма на анекси кои ќе бидат составен дел на Меморандумот.

Меморандумот може да биде отповикан, во кој случај едната страна која го отповикува Меморандумот е должна за тоа писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за отповикувањето.

Меморандумот ќе се смета за отповикан по истекот на 15 дена од денот кога е добиено писменото известување за отповикување.

Овој Меморандумот е составен од 6 (шест) еднакви примероци, од кои по 3 (три) примерок за секој потписник.

ВО ЗНАК НА СОГЛАСНОСТ НА СВОИТЕ ВОЛЈИ, страните го потпишуваат овој Меморандум за соработка

Скопје, 28.01.2025 година

**потпис и м.п.**

**М-р Кристинка Чулак**
**Претседател**

Комора на овластени архитекти и овластени инженери на Република Македонија

**потпис и м.п.**

**Џеват Селами**
**Директор**

Дирекција за заштита и спасување на Република Северна Македонија